# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 160. Дата: 21. 01. 2013.**


## ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ ЗА КАФЕТО



- Легендата вели дека етиопски овчари за прв пат го забележале ефектот од кофеинот кога ги виделе своите овци како ги јадат зрната кафе и како потоа се радосни и „танцуваат“ наоколу.

- На едно дрво кафе му се потребни 5 години да созрее. Просечниот род на едно дрво за кафе е еднакво на половина килограм мелено кафе.
- Просечното дрво за кафе живее помеѓу 60 и 70 години.
- Зрното кафе е всушност семе, кое се наоѓа во светлоцрвено зрно.

- Потребни се 45 зрна кафе за да се добие еден филџан „еспресо“. Тоа содржи една третина кофеин од обичнот кафе. 70% од светот го конзумира кафето „Арабика“, кое има мек и ароматичен вкус. Останатите 30% го конзумираат кафето „Робуста“, кое има горчлив вкус, но има и 50% повеќе кофеин отколку кафето „Арабика“.

- Кафето се произведува во 53 земји во светот, географски лоцирани, меѓу екваторот и напоредникот, кој минува покрај ’Ртот на Добра Надеж.

- На почетокот, кафето се јадело. Африканците го мешале кафето со сланина и од тоа формирале енергетски топчиња.

- Бетовен, кој бил страстен обожавател на кафето, бил многу специфичен кога станувало збор за правење кафе. За еден филџан кафе, тој секогаш броел 60 зрна кафе, потоа ги мелел и си го правел својот омилен пијалак.



- Се верува дека каубоите го правеле кафето на следниов начин: во чист чорап ставале мелено кафе, потоа го ставале во ладна вода и го загревале на оган. Кога ќе се сварело, го ставале во филџани и го пиеле.

- 400 милјарди филџани кафе (дневно) се консумираат насекаде низ светот и со тоа кафето е најпопуларен пијалак.

Факт е дека и во Македонија се пие многу кафе. Кај поголем број македонци постои навика, денот да се започне со филџан кафе; Но колку подобро е денот да се започне со молитва, или со Библијата; да се помине време со Бог. Знаеш ли дека Бог сака да биде со тебе, секое утро? Во книгата на Јов, самиот тој дури е зачуден од Божјиот интерес кон човекот и вели:



*„Што е човекот па Ти толку да го цениш, толку да му прирасна на Твоето срце, и да го посетуваш секое утро...?* “ (Јов 7:17-18).

Кога во Македонија сакаме да се сретнеме со некого и да си споделиме работи од нашиот живот, велиме „ајде на кафе“. Па, со овој македонски жаргон и Бог те повикува секое утро и ти вели: „ајде на кафе, да поминеме време заедно“.
(фактите за кафето се извадени од книгата „Време за кафе“.)


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**